АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ГРАД СКОПЈЕ

ОДБОЈКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА (ОФМ)

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА И ДЕЈСТВУВАЊЕ

## ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИ ВО ГРУПАТА „Ц“

## НА ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ВО ОДБОЈКА 2023 (МАЖИ) СКОПЈЕ

СКЛУЧЕН ПОМЕЃУ:

**АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ Скопје,**

со седиштe на ул.11-ти Октомври бр.13 Скопје,

претставувана од **д-р Љупчо Јаневски, директор (во натамошниот текст: АППТ),**

**ОДБОЈКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје,**

со седиште на Градски парк ББ/Сала КК-Работнички Скопје - Центар,

претставувана од **Петар Јовановски, претседател (во натамошниот текст: ОФМ)**

и

**ГРАД СКОПЈЕ,**

со седиште на бул.Илинден бр.82 Скопје,

претставуван од **Данела Арсовска, градоначалник на Град Скопје (во натамошниот текст: Град Скопје)**

## Општи одредби

### Член 1

Предмет на овој Меморандум е воспоставување на соработка помеѓу страните потписнички со цел меѓусебна координација, планирање и реализација на активности, односно заедничка организација и промоција на натпреварите во група „Ц" на Европското првенство во одбојка 2023 (мажи), кои ќе се играат во Скопје во период од **30-ти август до 6-ти септември 2023 година**.

## Планирани активности

### Член 2

Страните потписнички на овој Меморандум за соработка се согласуваат за координација на активностите поврзани со Европското првенство во одбојка 2023 (мажи) кое ќе се одигра во Скопје во период од 30-ти Август до 6-ти Септември 2023 година.

Заради остварување на поставените цели, страните потписнички се договорија заеднички да работат на спроведување на активности кои ќе бидат насочени кон афирмација на Градот Скопје како атрактивна спортско-туристичка дестинација, како и соработка во однос на техничко-логистичка поддршка за претстојното Европско првенство во одбојка 2023 (мажи), со цел развивање и поттикнување на спортскиот дух и понуда на достојни услови за домашните и меѓународните натпреварувачи.

## Координација и консултирање

### Член 3

Страните потписнички, редовно одржуваат работни состаноци за да ги разгледат активностите во периодот на подготовка и одржување на натпреварите од групата „Ц" на Европското првенство во одбојка 2023 (мажи). На посетителите од земјата и странство да им се овозможи да го проследат првенството во елитна одбојка, а во тие рамки нашата земја да се претстави како атрактивна спортско-туристичка дестинација.

Толкувањето или спроведувањето на овој Меморандум за соработка се решава преку консултации помеѓу страните потписнички.

**Комуникација**

**Член 4**

Целокупната комуникација во однос на имплементацијата на активностите договорени во овој Меморандум ќе биде следена и развивана од следните контакти:

**<u>За Агенција за промоција и поддршка на туризмот:</u>**

- Име и презиме: **Дамјан Марковски**

**<u>За Одбојкарска федерација на Македонија:</u>**

- Име и презиме: **Тони Стојановски**

**<u>За Град Скопје</u>**

- Име и презиме: **Катерина Гичев**

Целокупната имплементацијата на активностите договорени во овој Меморандум ќе биде следена и поддржана од Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, Одбојкарска федерација на Македонија и Град Скопје.

**Финансиски импликации**

**Член 5**

Секоја страна потписничка на овој Меморандум за соработка, реализацијата на планираните активности согласно член 2, ја обезбедува од сопствени средства и со сопствени ресурси, а соработката не може да предизвика финансиски импликации за

Град Скопје. Сите потребни финансиски средства за активност што е спроведена по иницијатива на една страна, ќе бидат на товар на страната по чија иницијатива е спроведена истата.

**Важност на меморандумот**

**Член 6**

Овој Меморандум се склучува на определено време, односно за периодот на подготовка и одржување на натпреварите на групата „Ц“ на Европското првенство во одбојка 2023 (мажи).

Секоја од страните потписнички може еднострано да го раскине овој Меморандум со достава на писмено известување до другите страни, доколку една страна не се придржува до одредбите на овој Меморандум истиот ќе се смета за раскинат по истекот на 10 дена од приемот на писменото известување.

Страните потписнички на овој Меморандум се должни да се грижат за угледот и доброто име на секоја страна, доколку тоа не е во спротивност со законските прописи, како и да ги штитат заедничките интереси.

**Член 8**

Страните потписнички на овој Меморандум се обврзуваат да ги преземат сите организациско технички мерки за обезбедување и чување на личните податоци согласно одредбите од Законот за заштита на лични податоци.

**Член 9**

За сето она што не е регулирано со овој Меморандум за соработка ќе се применуваат одредбите од позитивните законски прописи.

Овој Меморандум е составен од шест (6) истоветни примероци, по два (2) за секоја страна потписничка.

Овој Меморандум стапува на сила со денот на негово потпишување на трите страни потписнички.

| АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ | ОДБОЈКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА | ГРАД СКОПЈЕ |
|---|---|---|
| Директор, | Претседател, | Градоначалник, |
| **д-р Љупчо Јаневски** | **Петар Јовановски** | **Данела Арсовска** |

